ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ ЗА АЛАТКАТА
Adobe Express

НИВО НА СЛОЖЕНОСТ: Лесно

А. Општ опис

ИМЕ НА АЛАТКАТА	Adobe Express
ЛИНК	https://www.adobe.com/express/
ВИД	Алатка
НАЈПОГОДНА ЗА	Дизајнирање промотивни графички материјали и флаери со шаблони со ВИ
ЈАЗИЦИ	Повеќејазична (англиски, италијански, шпански, француски, германски итн.)
БЕСПЛАТНА/ ПЛАТЕНА	Бесплатна основна верзија (бесплатен план со 25 месечни кредити за генерирање содржина; платен план Premium за пристап до целосната библиотека со материјали)
КЛУЧНИ ЗБОРОВИ	#СоздавањеВизуелнаСодржина, #ГрафикаСоВИ, #AdobeFirefly, #ГрафичкиДизајн

1. Што е оваа алатка?

Adobe Express е платформа за дизајн со ВИ што им овозможува на корисниците да создаваат квалитетни графички материјали за социјалните мрежи, флаери и промотивни материјали, без напредни дизајнерски вештини. Со Adobe Firefly AI, нуди функции како генерирање слики од текст, генеративно пополнување и брзо приспособување на шаблони.

Б. Практична задача и упатства чекор по чекор

2. Практична задача

Дизајнирајте промотивен постер и објава за Instagram за претставување нов еколошки производ, користејќи генерирање слики со ВИ.

3. Сценарио / пример за бизнис

- **Име на бизнисот:** EcoVibe Essentials
- **Производ/услуга:** Биоразградлив бамбусов прибор за јадење и шишиња за вода за повеќекратна употреба
- **Целна публика:** Студенти и млади професионалци со еколошка свест (18–25 години)
- **Тон на комуникација:** Свеж, еколошки, модерен, инспиративен
- **Крајна цел:** Создавање постер и графички материјал за Instagram што ја најавуваат новата линија производи

4. Пред да започнете

Бои на брендот (зелена боја на жалфија, топла крем боја), опис на производот, детали за промотивната понуда (на пример, „15% попуст на денот на претставувањето“), и избран формат (квадратна објава за Instagram, 1080 × 1080).

Очекуван краен резултат

Објава за Instagram со висока резолуција и професионален изглед (1080 × 1080), со визуелен приказ на производот генериран со ВИ, јасен идентитет на брендот и детали за промотивната понуда.

#	Активност	Упатство
1	**Отворете ја алатката**	Отворете https://www.adobe.com/express/ и најавете се или создадете бесплатна сметка.
2	**Изберете формат**	Кликнете **„+ Create“ (Создај)** (или „+“) на главниот панел и изберете **„Instagram Post (Square)“ (Квадратна објава за Instagram)**.
3	**Внесете податоци**	Кликнете **„Text“ (Текст)** во левото мени, изберете стил за наслов и внесете го името на брендот (EcoVibe Essentials) и насловот на понудата („15% попуст на биоразградлив бамбусов прибор за јадење“).
4	**Користете ја функцијата со ВИ**	На левата лента со алатки кликнете **„Add content“ (Додај содржина)** > **„Generative AI“ (Генеративна ВИ)** > **„Text to Image“ (Од текст во слика)** (со Adobe Firefly) и внесете инструкција за генерирање реалистична слика за позадина („Минималистичка дрвена позадина со свежи зелени листови од бамбус и мека природна сончева светлина“).
5	**Уредете го резултатот**	Приспособете ги фонтовите на текстот, контрастот и распоредот на елементите врз генерираната позадина за да обезбедите максимална читливост.
6	**Извезете/ споделете**	Кликнете **„Download“ (Преземи)** во горниот десен агол и изберете формат **PNG** за споделување на социјалните мрежи со висок квалитет.

B. Совети и дополнителни информации

Страница 2: совети и дополнителни информации

7. Примери за инструкции / внесени податоци

1. „Минималистичка дрвена позадина со свежи зелени листови од бамбус и мека природна сончева светлина, во стил на професионална фотографија на производ.“

2. „Модерна, еколошка, естетска позадина со мотиви од листови во зелена боја на жалфија и крем боја.“

8. Совети за подобри резултати

1. **Обезбедете силен контраст на боите**: Одржувајте висока читливост со светол текст на темна позадина или обратно.

2. **Користете описни клучни зборови за осветлувањето**: Изрази како „мека сончева светлина“, „студиско осветлување“ или „минималистичка поставеност“ ги подобруваат визуелните резултати од Firefly.

3. **Брзо приспособувајте ги форматите**: Користете го копчето „Resize“ (Промени големина) за веднаш да ја претворите квадратната објава во приказна за Instagram (1080 × 1920) или флаер во формат A4.


9. Чести грешки што треба да се избегнуваат

1. **Пренатрупување со текст**: Внесување премногу информации на сликата; визуелниот приказ нека биде едноставен, а дополнителните детали ставете ги во текстот на објавата.

2. **Користење неусогласени фонтови**: Комбинирање повеќе од два стила на фонтови на истиот визуелен материјал.

3. **Слаб контраст на текстот**: Поставување темен текст директно врз темни или сложени елементи на позадината генерирана со ВИ.

10. Снимка од екран / визуелен пример



Работен простор за уредување во Adobe Express, со генерирање слики од текст со ВИ применето на шаблон за социјалните мрежи.

11. Дополнителни материјали

Наслов: Како да пишувате инструкции за генерирање слики со ВИ во Adobe Express

Линк: https://helpx.adobe.com/express/web/image-creation-and-editing/generate-and-edit-with-ai/text-to-image.html?utm_source=gemini

Кратко објаснување: Официјално упатство од Adobe, чекор по чекор, за пишување ефективни текстуални инструкции, избор на визуелни стилови и генерирање графички материјали за комерцијална употреба со Adobe Firefly AI.

12. Одговорна употреба на ВИ / белешки за обучувачот

Напомена за ВИ: Пред да ги користите сликите генерирани со ВИ во комерцијални кампањи, секогаш проверувајте дали имаат визуелни грешки или изобличени елементи.

Белешки за обучувачот:

- Потребно време: 30 минути.
- Начин на работа: Индивидуално или во парови.
- Полесна верзија: Приспособување готов шаблон со стандардни фотографии од библиотеката.
- Потешка верзија: Создавање целосна објава со 3 слајда (карусел), со сопствени инструкции за ВИ за секој слајд.